


Службата за кредитни ризици за големи и средни претпријатија во рамки на Секторот за кредитни ризици го зајакнува својот тим на успешни професионалци.

Доколку сакате да бидете дел од тимот и имате амбиција за унапредување на активностите во сегментот на управување со кредитни ризици за корпоративни клиенти, ве мотивираме да се пријавите на отворената работна позиција:

# Финансиски аналитичар

**Твоја улога во тимот:**

- Квалитетно управување со кредитните ризици во Банката, како и почитување на минимални стандарди и методологија за бонитетна класификација и почитување на законски прописи од областа;
- Прибирање и проверка на комплетна документација, анализа и проценка на финансиските извештаи и проекциите на готовински текови на правни лица;
- Утврдување на бонитет на правни лица, давање на предлог мислење за пласмани како и коодлучување за пласмани заедно со релевантните сектори.
- Следење на законската регулатива од областа на управувањето со кредитни ризици, Мерила и постапки за одобрување на пласмани во НЛБ Групација и Стандарди од областа на ризиците на ниво на НЛД ДД;

**Твојот профил:**

- Универзитетско образование, Економски факултет;
- Минимум 2 години работно искуство во сегментот на кредитни ризици;
- Претходно искуство во сегментот на кредитирање на правни лица и/или познавање на сметководствени практики; стандарди ќе се смета за предност;
- Познавање и толкување на основните финансиски извештаи на претпријатијата (биланс на успех, биланс на состојба), како и познавање на концептот на готовински тек и неговите клучни двигатели;
- Одлични комуникациски и организациски вештини;
- Способност за тимска работа и самоиницијативност;
- Аналитички вештини и способност за оценка, планирање, контрола и одлучување;
- Одлично познавање на англиски јазик како и стручно и напредно користење на MS Office.

**Твој мотив да ни се придружиш:**

- Препознатлив регионален бренд и современо работно опкружување;
- Меѓусебната доверба и грижа за другиот се основни начела во работењето;
- Напредна обука и индивидуален кариерен развој; менторство од врвни банкарски експерти;
- Позитивна организациска култура базирана на флексибилно работно време и слободни денови за различни пригоди;
- Континуирано учество во групациски корпоративни проекти;
- Конкурентен пакет на плата и надоместоци (вклучително приватно здравствено осигурување и трет пензиски фонд).

Потврди го твојот интерес со доставување на мотивациско писмо во кое ќе ги образложиш амбициите, мотивите и начините на придонес на наведеното работно место како и кратка биографија (CV) најдоцна до **19.02.2024** на **NLBKariera@nlb.mk** со назнака за **Финансиски аналитичар – Сектор за кредитни ризици**

Само кандидатите кои ги исполнуваат основните критериуми ќе бидат контактирани за интервју.

NLB Banka